Автосообраќаен училишен центар - Qendra shkollore e autotrafikut
"Боро Петрушевски" на град Скопје - "Boro Petrushevski" e qytetit të Shkupit
Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Бр.Nr. 02-170211
19.10 2026 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

ЗАПИСНИК ОД СЕДНИЦАТА НА УЧЕНИЧКИ СОВЕТ

ДАТУМ: 19.10.2026г.

ВРЕМЕ:13:00 часот

МЕСТО: КАБИНЕТ ПО ЈАЗИК

1. УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАПИСНИКОТ ОД СЕДНИЦАТА НА УЧЕНИЧКИОТ СОВЕТ ОДРЖАНА НА 15.9.2026 година;

2. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕДОТ НА НАСТАВНИЦИТЕ И ЕДЕН ПРЕТСТАВНИК ОД РЕДОТ НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ, ИЗБРАНИ ОД НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ ОДРЖАН НА 8.10.2026 година;

3. ИЗБОР НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО И НА КОМИСИЈА ЗА ДОВЕРБА И СОРАБОТКА;

4. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ЗА ДАРУВАЊЕ ОБЛЕКА И ЛИЧНИ ПРЕДМЕТИ;

5. ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДИСКУСИЈА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ НАСИЛСТВО.

Седницата ја водеше претседателката на Ученичкиот совет, Мила Ѓорѓиева, во присуство на 28 претседатели на класовите, претставници од редот на наставниците: Мимоза Гичевска, Коце Тапшановски, Халиме Демир-Хоруни и претставник од стручните соработници, Елена Петро́вска. По утврдување дека на состанокот има кворум за работа, Мила Ѓорѓиева, го стави на гласање вака поставениот Дневен ред и тој беше едногласно усвоен од сите присутни.

Прва точка

Во однос на првата точка, претседателката на Ученичкиот совет, Мила Ѓорѓиева, го стави на усвојување Записникот од Седницата на Ученичкиот совет одржана на 15.9.2026 година и тој беше едногласно усвоен од сите присутни.

Втора точка

Во рамки на втората точка беше споделена информацијата дека Наставничкиот совет на Училиштето за членови на Ученички совет од редот на наставниците ги избра Коце Тапшановски и Халиме Демир-Хоруни, а од редот на стручните

соработници е избрана Елена Петровска. Со тоа заврши мандатот на наставникот Мимоза Гичевска, и таа ја напушти Седницата на Ученичкиот совет. Наставниците и стручни соработници членови на Ученичкиот совет учествуваат во работата на ученичкиот совет без право на глас.

Трета точка

Во однос на третата точка, избор на координативно тело и на комисија за доверба и соработка, Мила Ѓорѓиева, информираше дека во работата на Ученичкиот совет функционираат Координативно тело и Комисија за доверба и соработка. Координативното тело е составено од координаторите по учебна година: Анер Ќерими од I-8 клас, координатор за прва година; Марко Веловски од II-1 клас, координатор за втора година; Марио Јованоски од III-9 клас, координатор за трета година; и Андреа Цветкова од IV-1 клас, координатор за четврта година. По предлог на директорот на Училиштето, Коце Тапшановски, е избран за претставник од наставниците во Координативното тело. Координативното тело го усогласува работењето на координаторите и на паралелките. Претседателката на Ученичкиот совет, Мила еорѓиева, посочи дека Комисијата за доверба и соработка е составена од генералниот секретар на Ученичкиот совет, Јован Крстевски од II-2 клас, еден член-наставник или стручен соработник од редот на членовите на Ученичкиот совет и еден член од редот на учениците членови на Ученичкиот совет. Членовите на Ученичкиот совет ја предложија и едногласно ја избраа Елена Петровска, психолог, од редот на стручните соработници и Мила Ѓеорѓиева од IV-2 клас. Комисијата за доверба и соработка ги следи дисциплината, етиката и меѓучовечките односи.

Четврта точка

Во однос на четвртата точка учениците беа информирани дека во нашето училиште од минатата година започнавме со хуманитарна акција за дарување облека и лични предмети, водени од вредностите што ги негуваме: солидарност, еднаквост и почит. Во духот на современите европски вредности сè повеќе луѓе избираат да даруваат и да користат предмети од втора рака, не од нужда туку од свесност. Тоа е начин на живот којшто ја спојува грижата за луѓето со грижата за животната средина. Во многу земји ширум светот облеката од втора рака е дел од културата не затоа што луѓето немаат, туку затоа што сакаат да живеат поодговорно. Да дадеш и да примиш нешто од втора рака значи да живееш одговорно и свесно. Можеме да даруваме чиста и зачувана облека, шалови, капи, јакни и обувки. Од 19.10.2026 до 22.10.2026 година, спортската сала ќе биде отворена за секој што сака да остави и да земе облека. Ова нема да биде обична акција, туку ќе биде лекција за човечност со која сите ќе

научиме дека да се сподели е моќ, дека сите сме еднакви и секој заслужува поддршка.

Петта точка

Во донос на петтата точка од Дневниот ред, претседателката на Ученичкиот совет, Мила Ѓорѓиева, заедно со претставникот од редот на стручните соработници, училишниот психолог Елена Петровска, разговараше со учениците за важноста на превенцијата и раното препознавање на насилство. Учениците беа запознати со важноста на навременото препознавање и пријавување насилство, како и со содржината и постапката со Правилникот за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва од која било форма на насилство, злоупотреба и занемарување. Беше нагласена важноста на почитувањето, толеранцијата и меѓусебната поддршка со цел создавање безбедна училишна средина.

По петтата точка, Седницата заврши и немаше други забелешки.

Претседател на Ученички совет:

Мила Ѓорѓиева

Ѓ. Мила

Секретар на Ученички совет:

Јован Крстевски

Јован К.